РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1261/5
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава) до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3649/1 од 24.07.2019 година оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3649/1 од 24.07.2019 година од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3649/1 од 24.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи на сомневања за незаконитости и неправилности во постапката за именување на лицето ---------- за ВД Директор на ЈОУ Детска градинка -----------------. Во пријавата се наведува дека огласот бил објавен во „Нова Македонија„ на 25.01.2019 година и веднаш повлечен за да истиот се објави на 30.01.2019 година во истиот весник, при што огласот не бил објавен на огласна табла. Изборот на овал лице за директор на детската градинка бил извршен додека траел огласот, а во текот на шесте месеци не бил објавен огласот поради предизборен период.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1261/1 од 21.02.2020 одина се обрати до Градоначалникот на општина ------ и побара во рамките на своите законски надлежности да достави целосна информација за постапката за именување на лицето ------------ за Директор на ЈОУ Детска градинка -------------, поведена со јавен оглас објавен на 25.01.2019 година и на 30.01.2019 година, со посебен акцент на тоа дали споменатото лице ги исполнува законските услови за избор на оваа функција, дали и во колку мандати истото лице било избрано на оваа функција претходно, со прилог придружна документација во врска со изборот на ова лице за функцијата Директор на ЈОУДГ ---------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на Градоначалникот на општина Куманово беше доставен одговор со број 08-1792/2 од 05.03.2020 година (12-1261/2 од 09.03.2020 г) дека согласно Решението за одземање на вршење на соодветна надлежност на Советот на Општина Куманово и на Градоначалникот на општина Куманово бр. ИП 1 16-01/2 од 22.01.2019 година на министерот за труд и социјална политика на општина Куманово и е одземена надлежност – вршење на работи (во делот на именување/избор на Директор ЈОУД- Детска градинка -----------------) бидејќи не постапил согласно Укажувањето од 03.01.2019 година упатено до Градоначалникот и Советот на општината. Мандатот на директорот на Детската Градинка бил до 31.03.2019 година и според министерот Градоначалникот не донел одлука за објавување на оглас за избор на директор како што е во Законот за заштита на децата три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор. Оттаму ДКСК беше упатена да побара информации од Министерството за труд и социјална политика.

Со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1261/3 од 04.06.2020 година од Министерството за труд и социјална политика побара да ја достави бараната информација, односно информација за постапката за именување на лицето -------------- за Директор на ЈОУДГ ---------------------, поведена со објавен оглас на 25.01.2019 година и на 30.01.2019 година, со посебен акцент на тоа дали споменатото лице ги исполнува законските услови за избор на оваа функција, дали и во колку мандати истото лице било избрано на оваа функција претходно, со прилог придружна документација во врска со изборот на ова лице за функцијата Директор на ЈОУДГ ------------------ за периодот од кога вршењето надлежност за решавање на ова прашање припаѓа на Министерство за труд и социјална политика, односно од почетокот на 2019 година до денот на приемот на Барањето.

Во законски утврдениот рок од Министерството за труд и социјална политика се добиени бараните информации.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и добиените одговори од општината и Министерството за труд и социјална политика при што ја утврди следната фактичка состојба:

Што се однесува за наводот во колку мандати ова лице било избрано за Директор на оваа ЈОУД Детска градинка ------------------ од одговорот доставен од општина Куманово е наведено дека ова лице било именувано за ВД Директор на оваа установа во 2003, 2006 и 2014 година, додека за Директор ова лице било избрано во 2006, 2010, 2014 и 2015 година.

Што се однесува до наводите во пријавата, со Решение бр. 03-1523/3 од 07.02.2019 година министерот за труд и социјална политика за Вршител на должност на директор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка ---------------- ја именувал --------------. Јавниот оглас за избор на директор на оваа јавна општинска установа бил објавен на 30.01.2019 година во три дневни весници. Јавниот оглас бил објавен од Управниот одбор, мандатот сеуште не бил поминат, било донесено Решение за именување вршител на должноста на директор на кој не му истекол мандатот.

По завршување на рокот за пријавување по распишаниот оглас Управниот одбор на ЈОУДГ --------------------- до министерот за труд и социјална политика доставил предлог за изменување/избор на директор со кој го предложил единствениот кандидат, Марина Алексовска, дипломиран професор по предучилишно образование за Директор на ЈОУДГ ----------------, со прилог целокупната документација за единствениот кандидат кој се пријавил на јавниот оглас. Министерот за труд и социјална политика извршил увид во доставената документација на кандидатот по јавниот оглас и утврдил дека истиот ги исполнил општите и посебните услови од огласот по што донел Решение бр. 03-4129/3 од 31.05.2019 година со кое ------------------ била избрана за Директор на ЈОУДГ ----------------------. Во однос на наводот дали споменатото лице ги исполнува законските услови за избор на оваа функција, Министерството за труд и социјална политика утврдило дека именуваното лице во целост ги исполнува условите од членот 120, 136 и 140 од Законот за заштита на децата. Инаку, Министерството за труд и социјална политика донело две решенија за именување на лицето ------------------ за ВД Директор и Директор на оваа јавна општинска установа во периодот кога била

одземена надлежноста на Советот и Градоначалникот на општина Куманово за именување/избор и разрешување на директор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка ------------------.

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, ДКСК констатира дека од страна на Министерството за труд и социјална политика било постапено согласно позитивните законски прописи, односно била спроведена постапка за избор на Директор на оваа јавна општинска установа со објавување на јавен оглас на 30.01.2019 година на кој се пријавил еден кандидат кој ги исполнил општите и посебните услови утврдени во Законот за заштита на децата и со решение на министерот било избрано лицето ----------- за директор на ЈОУ Детска градинка --------------. Оттука ДКСК констатира дека во пријавениот случај не се утврдени прекршувања на законските одредби во делот на постапката за именување/ избор на Директор на ЈОУД -Детска градинка ------------------ спроведена врз основа на јавниот оглас објавен на 30.01.2019 година, па заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за најзино натамошно постапување во овој предмет, истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б. член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска